СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА	26.02.2025 ГОДИНА БРОЈ 2 ГОДИНА 2025 КРИВОГАШТАНИ	Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019 Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-328/2
26.02.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ,, бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22 И 170/24), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник

на Република Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16,142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20, 172/21) и член 45 од Статутот на Општина КРИВОГАШТАНИ („Службен гласник на Општина КРИВОГАШТАНИ” бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23),Советот на Општина КРИВОГАШТАНИ на седницата одржана на 26.02.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кривогаштани за 2025 година бр. 08-1365/10 од 24.12.2024 година и тоа:

-Во воведот на Одлуката, во вториот ред после зборовите: ,,бр. 5/02,, се додава: ,,и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) ,

-во петтиот ред, после: ,,173/22,, се додава: ,,и 170/24 ,,

-во осмиот и деветтиот ред, се брише: ,,80/16,127/16,2/17 и 16/17,,

-Во член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи: „Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон и изнесува 2,08 а основицата на која се пресметува изнесува просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, согласно Државен завод за статистика“.

-Во член 12 став 1 после зборот: ,,месечна,, се додава зборот:,,нето,,.

-Во член 14 после зборовите: ,,Е0,, се додаваат зборовите: ,,односно Њ0-противпожарна заштита,,

-Во член 15 зборовите: ,,Програма-Градоначалник-Д0,, се заменуваат со зборовите: ,,Програма Е0-општинска Администрација,,

-Во член 18 став 1 зборовите: ,,Н2,, се бришат.

-Во член 18 став1 после зборовите:,, заштита на деца,, се додаваат зборовите: ,,Њ0-противпожарна заштита,,

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Кривогаштани.,,

Бр.08-275/3 Претседател на Совет на
26.02.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година

1. Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-328/3 Градоначалник на
26.02.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 26.02.2025 година донесе:

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година

1.Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 26.02.2025 година го разгледа Кварталниот извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година и донесе Заклучок за негово усвојување.

2.Заклучокот за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр. 08- 275/4
26.02.2024 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

ПРИЛОГ: Квартален извештај (четврт квартал) за извршувањето на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

1. Се прогласува Одлуката за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Одлуката за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-329/4
26.02.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (,,Службен весник на РМ,, бр. 79/09), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. весник на РМ'' бр. 5/02 и ,,Сл. весник на РСМ'' бр. 202/2024) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 26.02.2025 година донесе:

ОДЛУКА
за прифаќање на Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка утврден со Одлука од Советот на Општина Новаци, бр.14-808/11 од 26.11.2024 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Новаци, со Барање бр.03-758/4 од 06.12.2024 год., (наш бр. 03-141/2 од 27.01.2025 г.), во областа на управувањето со отпадот, односно за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад со општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Кривогаштани''.

Бр. 08-275/5
26.02.2025 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Решение за именување на членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка

1. Се прогласува Решението за именување на членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка што Советот на Општина Кривогаштани го донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Решението за именување на членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-328/5
26.02.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (''Сл.Весник на РМ'' бр.79/09 и ,,Службен весник на РСМ,, бр. 241/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Сл. Весник на РМ'' бр. 5/02 и ,,Сл. весник на РСМ'' бр. 202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани (“Службен гласник на Општина Кривогаштани” бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани, на седницата одржана на ден 26.02.2025 година донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на членови во заедничка Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка

1.За членови во заедничката Комисија за подготовка на предлог актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Новаци, Прилеп, Битола, Крушево, Долнени, Могила, Кривогаштани, Демир Хисар, Ресен, Охрид, Струга, Кичево,

Дебар, Пласница, Центар Жупа, Вевчани, Дебарца и Македонски Брод, од Општина Кривогаштани се именуваат:

-Билјана Цветкоска-Раководител на Одделение за правни, општи работи и јавни дејности и

-Гоце Нешкоски- Помлад соработник за правни прашања- Одделение за урбанизам и заштита на животната средина.

2.Мандатот на членовите на Комисијата е до завршување на работите за кои е формирана.

3.Ова Решение влегува во сила од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр. 08-275/6 Претседател на Совет на
26.02.2025 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025 година

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-328/6 Градоначалник на
26.02.2025 година Општина Кривогаштани
Кривогаштани Николче Мискоски

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19, 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 26.02.2025 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот план за измена на Годишен план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025 година бр. 01-207/1 од 06.02.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр. 08-275/7 Претседател на Совет на
26.02.2025 год. Општина Кривогаштани
Кривогаштани Горан Новакоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен Весник на РМ,, бр.5/02 и ,,Сужбен Весник на РСМ,, бр. 202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани (,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,, бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2025 година бр. 04-42/1 од 12.02.2025 г.

1. Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2025 година бр. 04-42/1 од 12.02.2025 година што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 26.02.2025 година.

2. Одлуката за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2025 година бр. 04-42/1 од 12.02.2025 година ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-328/7
26.02.2025 година
Кривогаштани

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Врз основа на член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), чл. 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани" бр. 3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/25), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 26.02.2025 година донесе :

О Д Л У К А
за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ „Јонче Смугрески„ Обршани за 2025 година бр. 04-42/1 од 12.02.2025 г.

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Измена на Годишниот план за вработување во ООУ ,,Јонче Смугрески,, Обршани за 2025 година бр. 04-42/1 од 12.02.2025 г.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани,,.

Бр. 08-275/8
26.02.2025 год.
Кривогаштани

Претседател на Совет на
Општина Кривогаштани
Горан Новакоски

СОДРЖИНА

на акти донесени на 59-та седница на Совет на Општина Кривогаштани одржана на ден 26.02.2025 г. и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани

1.Заклучок за прогласување на Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година,.....1

- Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2025 година,.....1

2. Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година, 3

- Заклучок за усвојување на Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година.....3

3. Заклучок за прогласување на Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка,.....4

- Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка,.....5

4. Заклучок за прогласување на Решение за формирање на заедничка комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка,.....6

- Решение за формирање на заедничка комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка.....6

5. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Годишен план за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025г.....7

- Одлука за давање на согласност на Годишен план за измена на Годишниот план за вработување во Општина Кривогаштани за 2025г.....8

6. Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување на ООУ ,,Јончe Смугрески,, за 2025г.....8

-Одлука за давање на согласност на Измена на Годишниот план за вработување на ООУ ,,Јончe Смугрески,, за 2025г 9

ПРИЛОГ: Квартален извештај (четврт квартал) за извршување на Буџетот на Општина Кривогаштани за 2024 година

Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности
Тираж: 20 примероци